## Предлагање нови одлуки

Акционерите кои поединечно или заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број акции со право на глас имаат право по писмен пат да предложат за усвојување одлуки по секоја од точките кои се вклучени, или ќе бидат вклучени во дневниот ред на седницата на Собранието на акционери.

Предлогот се доставува во писмена форма во оригинал, со пополнето целосно име и презиме и своерачен потпис на акционер - физичко лице, односно назив, седиште, печат, целосно име и презиме и своерачен потпис на законскиот застапник на акционер - правно лице.

Заедно со барањето, акционерот задолжително треба да приложи и соодветни документи за идентификација и тоа:

1. За акционер - физичко лице се приложува:
    - Извод од Централниот депозитар за хартии од вредност во којшто е наведен бројот на акциите, во оргинал, не постар од три дена;
    - Копија од лична карта или пасош.

2. За акционер - правно лице се приложува:
    - Извод од Централниот депозитар за хартии од вредност во којшто е наведен бројот на акциите, во оригинал, не постар од три дена;
    - Последна тековна состојба од Централниот регистар во оригинал, не постара од седум дена;
    - Копија од лична карта или пасош на законскиот застапник.

Предлогот, заедно со документите за идентификација, мора да биде примен во ТД МАКОШПЕД АД Скопје најдоцна во рок од 8 (осум) дена од објавата на повикот за учество на Годишно собрание на акционери на Друштвото.

Адреса на која се доставува барањето :

ТД МАКОШПЕД АД Скопје
Ул. Македонија бр. 19 Скопје
1000 Скопје
Одбор на директори на Друштвото
Со назнака: „За Годишно собрание на акционери“